
СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА
5
ИГОР
ХРИСТОВ
за Кочани
СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

**СЕ БОРИМЕ**
**ЗА НАШИОТ ДОМ!**



„За сите нас приоритетно е заживување на правото и правдата, имаме заедничка битка, битка за сите млади, битка за функционално општество што нема да убива, туку гради, одгледува, негува!“

**Почитувани сограѓани,**

**Да се биде кандидат за градоначалник на Кочани, значи да се избере пат по кој тешко се оди! Пат на борба против криминалот и корупцијата во правец на заздравување на Кочани со прогрес за здрав, мирен и безбеден живот на кочанчани!**

Јас, Игор Христов, кочанчанец, кој и детството и младоста и зрелите години ги минува овде, делејќи ги радоста и тагата со вас, решив да застанам покрај вас и сите заеднички да се спротивставиме на општествената деградација! Страдањата ни се исти на сите што сакаме правда, не премолчуваме и не можеме а да не реагираме на нечесност и нечовечност! Потребна ни е безбедна средина: сообраќајници, училишта, угостителски објекти. Потребни ни се дијалог, разбирање, поддршка, соработка. Сите недоразбирања завршуваат со договори и подадена рака! Кога општината, граѓанскиот сектор и бизнис-заедницата се во единство – придобивките веднаш се покажуваат. Потребна ни е функционална општина, блиска до граѓаните, општина подготвена за развој. Инфраструктурните проекти не се доволни за да живее општината. Важни се луѓето, задоволните граѓани и децата и младите и старите и лицата со хендикеп, ранливите и жените и мажите и земјоделците, сите еднакво. Потребно ни е добро планирање на просторот и мобилност коишто се клуч за забрзан развој, но и за поквалитетно живеење. Довербата на граѓаните во системот е на многу ниско ниво и за враќање на довербата треба дела, а не зборови. Ништо не е невозможно, а подобрувањето на општинските услуги, зголемувањето на транспарентноста и отвореноста на општината кон граѓаните се први чекори! Програми што ќе ги активираат и ќе ги рехабилитираат младите, ќе ги исцелат и нив, родителите, семејствата, целата заедница. За сите нас приоритетно е заживување на правото и правдата, имаме заедничка битка, битка за сите млади, битка за функционално општество што нема да убива, туку гради, одгледува, негува!

**Јас сум човек што работи со правото, а ја сака правдата! Со спортскиот и натпреварувачки дух што го носам, ве повикувам да ми се придружите во борбата за помирно, побезбедно и поздраво Кочани!**

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Кочани

1. Александра Коцева
2. Ивица Лазаров
3. Сашко Иванов
4. Ванчо Петрушевски
5. Љупчо Андонов
6. Весна Сенесова
7. Оливера Митева
8. Александар Иванов
9. Биљана Петрова
10. Михаела Трајчева
11. Александар Апостолов
12. Виктор Ѓеорѓиев
13. Драгица Николова
14. Благој Захариев
15. Вера Пауновска
16. Бојан Андонов
17. Зоран Стоилков
18. Ружа Стојмилова
19. Ивица Костадинов

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Изградба на нова детска градинка;
- Изградба на Планинарски дом;
- Довршување на Пречистителната станица за отпадни води во Мојанци;
- Рехабилитација на патен правец Кочани – Пониква;
- Промена на потисниот цевковод (2,2 км) од водоводната мрежа и замена на старите и дотраени водомери со нови;
- Патни правци во руралниот дел на Кочани,50 км патна мрежа;
- Булеварско решение на улицата „Стево Теодосиевски" – изградена нова сообраќајна лента со претходна експропријација на земјиште;
- Реконструкција на ски-лифтовите на Пониква;
- Реконструкција на плочникот во Трговскиот центар Кочани;
- Реконструкција на плочникот во Паркот на револуцијата;
- Подготвен проект за изградба на Дом за стари и изнемоштени лица;
- Реконструкција надворешност и внатрешноста на Центарот за култура „Бели мугри";
- Реконструкција на целосниот објект Старо кино – Мултикултурен центар;
- Реконструкција на библиотеката „Искра";
- Набавка на ново полуконцертно пијано;
- Во продолжение топ 20 проекти од Општина Кочани за време на владеењето на СДСМ во табеларен приказ, со период на реализација, висина на средства и кој се реализирал:

1. Реконструкција и реорганизирање на постојниот Мултикултурен центар во Кочани и негово збогатување со нови и атрактивни содржини / Граѓански младински центар, 20200000 денари, 2020 година, Локална

2. Експресен пат Крупиште – Кочани, 1121145000 денари, Во тек, Централна

3. Асфалтирање на 6 улици во градот и 5 улици во рурални области - 2,78 км - (МСИП 2) со изградба на канализациска мрежа, 53314215,52 денари, 2020/2021 година, Локална

4. Реконструкција на Центарот за култура, со ново фасадно и партерно уредување во прва фаза (2018 г.) и внатрешна реконструкција во втора фаза, 30000000 денари, 2018 / 2021 година, Централна

5. Изградба и реконструкција на повеќе од 20 улици во сите рурални села во низинскиот и во планинскиот дел  (Политика на рамномерен регионален развој), 60.000.000.00 денари, 2017-2021 година, Локална

6. Реконструкција на плочник во Трговскиот центар со нова урбана опрема, 16.00.000,00 денари, 2019 година, Локална

7. Градежни работи и опремување за детска градинка во Општина Кочани за 115 деца, 35800000 денари, Централна

8. Реконструкција и внатрешно уредување на основните и средните училишта, со огромно подобрување на условите за учење на учениците, 60000000 денари, 2017-2021 година, Локална / Централна

9. Модуларна болница – инвентар и немедицинска опрема - прв квартал 2021, 10341225 денари, 2021 година, Централна

10. Регулација на дел од Кочанска Река - (МСИП 2), 14490887 денари, Во тек, Локална

11. Реконструкција  на регионален пат Кочани – Пониква , 115000000 денари, 2020 година, Централна

12. Изградба и реконструкција на повеќе од 40 улици во градот, со што Кочани со 2021 го прогласуваме на „Град без кал", 110000000 денари, 2018-2021 година, Локална

13. Реконструкција на ски-лифтови на Пониква во насока на подобрување на туризмот, 4.500.000,00 денари, 2020 година, Локална

14. Изградба на 5 кружни тека на бул. „Теодосија Паунов" со изградба на разделно зеленило, 16.000.000,00 денари, 2021 година, Локална / Централна

15. Изградба на булевар со кружни текови во централното подрачје на ул. „Стево Теодосиевски" и ул. „Димитар Влахов" (експропријација и изградба), 42.000.000,00 денари, Во тек, Локална

16. Реконструкција на Паркот на револуцијата (Градски парк), 30.000.000,00 денари, Во тек, Локална

17. Изградба на објекти за згрижување на социјално загрозени семејства што живеат во супстандардни услови и дислокација на Стара касарна – подготвена проектна документација, 23.000.000,00 денари, Во тек, Централна / Локална

18. Реализација на проектот Планински велосипедски патеки, поврзување на Кочани со Пониква со велосипедски патеки и изградба на планинарски дом, 36.000.000,00 денари, Во тек, Централна

19. Изградба на дел од потисен цевковод од пумпната станица Грдовски орман до изливниот базен на препумпната станица од водоводниот систем на град Кочани, 44576460,75 денари, Не е започнат, Централна

20. Изградба на нов дом за стари лица во Кочани и опрема (проектна документација), Не е тендериран, Централна

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

По 4 години од претходните избори, со разлика од 16 гласа добивме градоначалник, кој:

- не овозможи да проработи готова, изградена детска градинка и изграден планинарски дом;
- кој ги изгуби доделените средства за изградба на Дом за стари;
- смени 6 директори на КЈП „Водовод".

16 дена граѓаните штрајкуваа против загадувањето од градската депонија! Дозволи општинските училишта да создадат милионски долг кон „Водовод". Веднаш штом дојде на власт, пред општинскиот буџет донесе минус. Никаква посветеност за искористување на геотермалните води за бањски цели- занемарена важноста на геотермалниот капацитет на Кочани. Недостиг на активности и решение за бездомните кучиња. Непочитување и невреднување на зголемен обем на работа на административните службеници во Општина Кочани. Градоначалникот со таков впечаток како ништо да не работи, нејасно што почнува да работи и кога тоа ќе се заврши. Без дебати со јавноста, активности и јасни пораки освен од време на време за празници, честитка за граѓаните, да посака многу здравје и среќа. Едноставно имаше летаргичен мандат, дури и тоа е комплимент.





Владеењето на локалната администрација предводена од градоначалникот Љупчо Папазов и политичката структура на ДМПНЕ во Кочани во изминативе 4 години не донесе ништо ново, освен старо-новиот начин на нивното владеење, кој е препознатлив по недомаќинско трошење на општинскиот буџет, (зло)употреба на службената положба за лукративни цели и секако спроведување на партиски одлуки од нивниот штаб.

Една од надлежностите на градоначалникот што е опишана во чл. 50, ст. 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа, а тоа е „го извршува буџетот на општината", поранешниот градоначалник Николчо Илијев при неговото заминување од функцијата и примопредавање на 5.11.2021 год., на сите сметки на општината остави салдо со вкупно 63.039.669,00 ден., за да може новоизбраниот градоначалник Папазов за околу половина година од преземањето на должноста да се „соочи" со финансиски тешкотии при администрирањето на општинската каса, со тоа што почна со отпуштање на првиот ешалон партиски послушници коишто тој ги донесе во општинската администрација, дел од нив си заминаа, дел останаа волонтерски ангажирани, а дел од нив сè уште се таму и за нив „некако" условно се стекнаа

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

финансиски околности за плата. Една од финансиските „тешкотии“ за градоначалникот беше намирувањето на патните трошоци за учениците од селата и приградските населби, нешто слично како во време на Ратко Димитровски кога автобуски билет чинеше повеќе од такси-услуга во истиот правец, зарем нештата не коинцидираат!? Особено интересно ако истакнеме дека во времето на Димитровски, Папазов беше директор на КЈП „Водовод“.

Од аспект на комуналната дејност, градот и населените места се задушуваат во неисчистен отпад и мини депонии. Претходните 4 години во Кочани ги одбележа катастрофално менаџирање со градската депонија (граѓанско незадоволство од труењето на воздухот од депонијата) и секако штетно раководење со Комуналното претпријатие „Водовод“, каде што за 3,5 години се сменија 6 директори. Со огромни долгови (10,5 милиони денари) кон КЈП „Водовод“ останаа неколку општински училишта.

Сообраќајниот хаос и недоволниот простор за паркирање во централното градско подрачје е сериозен проблем кој претходниот градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ не успеа да го менаџира ниту со доволен дополнителен паркинг ниту со проект/решение за катна гаража.





Градоначалникот на ВМРО-ДПМНЕ не успеа да реализира целосно оформени проекти: изградба на Дом за стари лица (со доделени средства од централната власт на сметката на Општина Кочани), ниту да го реши проблемот со Старата касарна, каде што нелегално живеат семејства во супстандардни услови, а фекалиите од овој објект се слеваат директно низ улиците во централното градско подрачје. За 3,5 години не успеа да стави во функција готов, новоизграден објект на градинка („Детелинки"). Не успеа да го стави во функција готов, новоизграден Планинарски дом!!!

Локалниот економски развој во овој мандат на ДПМНЕ како воопшто и да не беше дел од надлежностите на Општината и градоначалникот како нејзин застапник.

Единствени реализирани проекти во нивниот мандат беа неколку инфраструктурни проекти (улици и патишта) коишто беа обезбедени и идејно и финансиски во време на градоначалникот од СДСМ.

Согласно со Законот за санитарна и здравствена инспекција и Законот за здравствена заштита, секоја општина е должна да формира канцеларија за унапредување на здравјето на населението/пациентите, во мандат на Папазов таа не е формирана.

Општинската администрација, овластените инспектори во Општината работат динамично, не постапувајќи во законски дадените рокови, а за тоа немаат соодветна контрола од давателот на нивните овластувања – градоначалникот.



# МОЈАТА ВИЗИЈА

- **Зошто се кандидирате? Што е мотивот?**

Се кандидирам за градоначалник на Кочани затоа што верувам дека нашиот град има огромен потенцијал што може многу подобро да се искористи. Сакам да создадам средина во која младите ќе имаат перспектива, повозрасните ќе се чувствуваат сигурни и почитувани, а сите заедно ќе уживаме во модерен, зелен и развиен град.

Мојата цел е да донесам транспарентно и чесно управување; да поттикнам економски развој преку поддршка на локалните бизниси; да вложувам во инфраструктура и чиста животна средина; да ја подобрам образовната и културната понуда и да ја направам општината поотворена за граѓаните. Се кандидирам затоа што Кочани заслужува повеќе – и знам дека заедно можеме да изградиме подобра иднина.

- **Прашање: Колку е важно да се има визија за општината и за општеството во целина?**

Без визија - нема развој. Општината не смее да функционира само од денес за утре, туку мора да има план каде сака да стигне за 5, 10 или 20 години. Визијата е „патоказ". Кога граѓаните ќе слушнат каде сакаш да го одведеш градот, полесно им е да се поврзат со твојата идеја и да поверуваат дека твоето раководење ќе има смисла. Луѓето не се мотивираат само од проекти или бројки, туку од целта зад нив. Визијата ја буди енергијата на граѓаните да се вклучат, да соработуваат и да поддржат промени. Без визија, политиката станува „гасење пожари". Со визија, секоја мерка и инвестиција има место во поголемата слика – модерна инфраструктура, здрава животна средина, економски раст, образование, култура. На граѓаните им е потребно лице што не мисли само на следните избори, туку и на следните генерации. Визијата покажува дека размислуваш за иднината на општината и општеството во целина. Визијата за општината мора да е дел од поширока визија за општеството – затоа што не може да имаме развиена општина во неразвиена држава. Само со јасна слика за иднината можеме да носиме правилни одлуки денес.

- **Што е тоа што мора да се направи во следниот мандат? Дали се доволни само инфраструктурни проекти?**

Одлично прашање и многу важно ако сакаш да ја покажеш разликата меѓу менаџер на проекти и визионерски лидер. Што мора да се направи во следниот мандат:

- Инфраструктура – секако е клучна: патишта, улици, водовод, канализација, јавна чистота. Тоа е основата без која граѓаните не можат да живеат квалитетно и урбано.

- Економски развој – привлекување инвестиции, поддршка на локални бизниси и земјоделци, создавање услови младите да останат во градот.

- Зелена агенда – заштита на реките, пошумување, подобрување на квалитетот на воздухот, енергетска ефикасност.

- Образование и култура – подобри услови во училиштата, модернизиран пристап до настава, повеќе културни, спортски и слободни активности и настани што ќе ја збогатат заедницата.

- Транспарентност и дигитализација – отворена општина каде секој граѓанин може лесно да дојде до информации и услуги без непотребна бирократија.

- Социјална грижа – поддршка за ранливите групи, пензионерите, лицата со попреченост.

Е, сега дали се доволни само инфраструктурни проекти?
Не. Инфраструктурата е неопходна, но не е доволна. Ако направиш улици и водоводи, а младите заминуваат, градот ќе остане празен. Ако изградиш паркови, но нема културен и економски живот, тие ќе бидат празни. Ако се реши сообраќајот, а нема визија за иднината, ќе се вратиш на истите проблеми за неколку години.

Затоа вистинскиот одговор е комбинација: инфраструктура + економија +луѓе +визија.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се нашата најголема сила и најголема одговорност. Ако тие заминат, тогаш ќе немаме ни иднина. Затоа мора да им понудиме услови за образование, култура, спорт, креативност и вработување тука, дома. Нивниот потенцијал е моторот на општината.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните?**

Прашањето за општата безбедност на граѓаните е едно од најчувствителните – и најважните – теми за секој градоначалник, бидејќи токму безбедноста е основата врз која се гради доверба и квалитет на животот. Занемарувањето на безбедноста го доведе градот Кочани да биде препознатлив по трагедија од светски размери. Безбедноста не е само полиција и ред. Таа значи и добро осветлени улици, уредени јавни простори, сообраќајна дисциплина, заштита од пожари, навремено справување со поплави или други природни ризици. Превенција наместо само реакција. Ако постојат програми за млади, спортски активности и културни содржини, ќе има помалку простор за девијантни појави. Социјална безбедност. Граѓаните треба да се чувствуваат сигурни и кога одат на лекар, кога користат јавен превоз или кога бараат услуга од општината. Корупцијата и непрегледните процедури се исто така закана за безбедноста. Соработка со институциите. Општината сама не може да го гарантира редот и законот, но може да биде активен партнер со МВР, Црвен крст, противпожарни служби и локални здруженија. Технологија и дигитализација, паметни решенија, како што се видеонадзор на јавни простори, апликации за пријавување проблеми и брза комуникација со граѓаните можат значително да ја зголемат безбедноста.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч?**

Апсолутно. Ако сакаме модерен град, мора да планираме паметно. Тоа значи јавен превоз што функционира, пешачки и велосипедски патеки, паркови и чист воздух. Лошото планирање е најголемата цена што ја плаќаат граѓаните – затоа



мора да го смениме пристапот од стихијност кон визија. Решенијата постојат и функционираат насекаде околу нас во Европа и светот. Ние треба да ги препознаеме, да го модифицираме на нашите услови, да ги имплементираме и да ги одржуваме.

- **Загадувањето и јавната чистота се огромен проблем. Осудени ли сме на тоа.**

Не сме осудени, но мора радикално да го смениме начинот на кој се справуваме со овие проблеми. Прво, мора да се почитува правниот поредок доследно со функционална контрола за загадувачите и евентуални казни за непочитувачите. Второ, инвестиции во чиста енергија и топлификација. Трето, ефективно и ефикасно управување со отпадот и елиминирање на дивите депонии. И четврто – свест и дисциплина кај сите нас. Без партнерство меѓу институциите и граѓаните, нема чист воздух.

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

## Меки политики, активности и проекти

- **Млади**

Образование и вработување

Програми за практика и волонтирање во локални институции и компании

Локален фонд за поддршка на стартапи и студентски проекти

Култура и креативност

Културен центар за млади со работилници, изложби и настани

Спорт и здравје

Поддршка за спортски клубови, со бесплатни термини во спортските сали

Партиципација

Формирање младински совет со право на иницијатива во општинскиот совет

- **Жени**

Економска еднаквост

Обуки за претприемаштво и дигитални вештини

Микрофинансиски фонд за жени претприемачи





Општествена поддршка

Програми за поддршка на самохрани мајки (субвенции за градинки, обуки за вработување)

Учеството во одлуки

Вклучување на жени во советодавни тела и локални иницијативи

- **Пензионери и возрасни граѓани**

Социјална поддршка

Дневни центри со здравствено советување, културни и рекреативни активности

Бесплатен превоз за лица над одредена возраст.

Активно стареење

Универзитет за трета доба – курсеви по компјутерски вештини, јазици, уметност

Здравствена грижа

Мобилни здравствени тимови за превентивни прегледи

- **Образование**

Модернизација на училници со дигитална опрема

Летни и зимски училишта за наука, технологии, уметност и спорт

Соработка со приватен сектор за практична настава

Формирање центар за негување и развивање наука, стручност, култура, уметност и спорт

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- **Култура**

Поддршка за локални фестивали и манифестации

Годишен конкурс за аматерски театар, музички и ликовни групи

Реконструкција и модернизација на библиотеките

Утврдување, зачувување, заштита и вреднување на историските, културни, верски и природни вредности на општината

Историјат на Кочани со воспоставување начини и норми за утврдување и евидентирање поединци, групи, институции или правни субјекти во достигнувања од различни области

Негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности

Музеј на ориз

- **Спорт**

Развој на микроспортски игралишта во секое маало

Поддршка за рекреативни спортски настани (трки, турнеи, фитнес-активности)

Општински фонд за талентирани млади спортисти

Поддршка на масовни спортови

Иницирање за одржување национални и интернационални натпревари во Кочани





- **Транспорт и мобилност**

Општински план за одржлива мобилност (јавен превоз, велосипедски рути, пешачки зони)

Субвенции за велосипеди и електрични тротинети

„Безбеден пат до училиште" – проекти за сигнализација, осветлување и тротоари

- **Животна средина**

Кампањи за селекција на отпад со бесплатни канти и контејнери

Засадување дрвореди и нови зелени површини.

Екопатрола со вклучување граѓани и невладини организации

Поддршка за домаќинства што инвестираат во енергетска ефикасност

- **Транспарентност и учество**

Отворен буџет – онлајн објавување на сите приходи и расходи.

Редовни „отворени денови" на градоначалникот со граѓани.

Платформа за пријавување проблеми и предлози од страна на жителите.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Изградба на Дом за стари и изнемоштени лица во Кочани

Со оглед на стареењето на населението и иселувањето на младите, сè поголем е бројот на стари лица во Кочани на кои им е потребна грижа, нега, внимание и организиран социјален живот.

Потребата од објект со солидни услови за престој и згрижување на старите и изнемоштени лица од регионот е сè понагласена.

Општина Кочани има изработена техничка документација за изградба на Дом за стари лица - Кочани и определено локација со донесен ДУП, во кругот на поранешната касарна „Гоце Делчев", за изградба на Дом за стари лица, како и подготвено целосно ревидирана техничка документација со сите фази (архитектура, градежништво, електрика, водовод и канализација, машински инсталации и ППЗ). Се однесува на изградба на Дом за стари лица со капацитет од 141 лице и со вкупна површина од 16.270 м2. Проектираната вредност за изградба на објектот изнесува 340 милиони денари.

**Влијание на проектот:**
Изградбата на Дом за стари и изнемоштени лица ќе даде придонес во подобрувањето на квалитетот на животот на старите лица, како од здравствен, така и од социјален аспект.

Организираната грижа за старите лица ќе овозможи и вклучување на пазарот на трудот и поквалитетен живот и на другите членови од семејствата коишто имале секојдневен ангажман околу старите и изнемоштени лица.

**Целна група:**
Стари и изнемоштени лица.



## Изградба на социјални куќички за станарите од Старата касарна

Сегашната состојба со користењето на објектот Стара касарна за домување на лица во социјален ризик е алармантна за Кочани. Самата градба е небезбедна, отпадните води се неканализирани, а користењето на електричната енергија може да ја доведе во опасност пошироката околина и животите на луѓето во неа.

Неопходна е изградба на објекти каде што ќе бидат преселени станарите од Старата касарна, што ќе обезбеди долгорочно решавање на овој повеќедецениски проблем, кој е приоритетен и за самите станари и за градот воопшто.

**Влијание на проектот:**
Изградбата на социјални куќички за станарите од Старата касарна е од витално значење за Кочани – решавањето на домувањето на лицата од Старата касарна едновремено ќе значи побезбедна градска средина и намалени здравствено-епидемиолошки ризици.

Општина Кочани има подготвена техничка документација и определена локација за реализација на овој проект.

Местото каде што е лоцирана Старата касарна може да се уреди во урбан простор со објекти за колективно домување и зелена средина.

**Целна група:**
Жители на Старата касарна, 26 семејства во социјален ризик, како и сите жители на Кочани.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Реорганизација на Градскиот пазар во Кочани

Постојниот пазар по многу параметри е див и хаотичен. Распослан е на двете страни од Кочанска Река и зафаќа површини на улиците кон џамијата и кон ООУ „Раде Кратовче". Во четвртоците, кога е пазарен ден, сообраќајот во овој дел на градот е во целосен хаос. Тезгите не се во доволен број, млечните производи не се продаваат во адекватни услови и навистина е потребна сериозна реорганизација.

**Влијание на проектот:**

Постојат повеќе локации што би ги задоволиле условите за реорганизиран пазар. Тоа може да биде во делот на бившата фабрика Треска - „Борис Кидрич", во делот на улицата „Скопска" каде што во последните години се одржува Кочанскиот панаѓур или пак во делот под Спортско-рекреативниот центар „Зорик".

Пазарот треба да има, пред сè, современ и привлечен естетски изглед. Просторот треба да биде функционален како за продавачите, така и за купувачите. Тезгите треба да бидат поделени за земјоделски производи, текстил, млечни производи, занаетчиски производи и сл. Поголем дел од тезгите треба да поседуваат баждирани ваги за мерење. Во делот на млечните производи треба да биде опремен со соодветни стандардни услови (чешми, топла вода, фрижидери). Пазарот треба да поседува канти за отпадоци и повеќе јавни тоалети. Тој треба да биде така поставен за да може лесно и ефикасно да се одржува хигиената на највисоко ниво.

**Целна група:**

Сите граѓани на општините Кочани, Зрновци, Чешиново-Облешево, кои се и најмногубројни посетители и трговците што доаѓаат од регионот и од целата држава.





## Базен со геотермална вода во кругот на ООУ „Никола Карев“

Базенот е со веќе планирана урбанистичка маркичка во дворот на училиштето. Цевководот од геотермалната вода е со крак во училиштето каде што служи за комбинирано загревање на геотермална вода и екстра лесно масло за греење во зимскиот период. Значи нема потреба од специјален довод на геотермална вода. Кога се во прашање младите, особено учениците, оваа инвестиција воопшто не би требало да биде проблем. Кочанчани долго ја очекуваат, можеби повеќе од половина век.

**Влијание на проектот:**
Придобивките би биле големи. Пред сè, тоа за градот ќе биде новитет, а училиштето ќе си ја поврати атрактивноста за учениците. Би ги опслужувало со добра организација сите училишта за одржување часови по водени спортови, а по часовите би се изнајмувале термини за спортски активности (пливачки школи) и за рекреација. Една од причините за иселување на нашите сограѓани во Скопје или во други држави е токму и непостоењето на вакви содржини во градот.

**Целна група:**
Учениците од прво одделение до четврта година,
спортисти, рекреативци.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Регионално прифатилиште за бездомни кучиња

Во Кочани особено е изразена потребата од ефикасна контрола и заштита на бездомните кучиња и третман согласно со прописите од ветеринарното здравство и благосостојба на животните.

Глутници бездомни кучиња шетаат насекаде низ градот напаѓајќи ги минувачите и нивните миленици. Особено критични места се Градскиот парк, Трговскиот центар, големите маркети и угостителските објекти каде што е поголема фреквенцијата на луѓе и храна. Бездомните кучиња го расфрлаат отпадот од отворените канти на јавните површини и дополнително ја влошуваат состојбата со јавната чистота.

**Влијание на проектот:**
Изградбата на прифатилиште за бездомни кучиња, за што постои регионален проект, ќе значи згрижување и обезбедување соодветен третман на овие животни, кои им создаваат проблеми на граѓаните и ја загрозуваат безбедноста и сигурноста на луѓето и на нивните миленици и понекогаш провоцираат несоодветно однесување на луѓето кон нив.

Финансиски, овој проект е одржлив и хуман, затоа што парите што се издвојуваат за сегашните активности што се спроведуваат преку КЈП „Водовод" се залудно потрошени затоа што состојбата не е променета.

**Целна група:**
Сите граѓани на Кочани.





## Изградба на катна гаража во централното градско подрачје

Проектот предвидува изградба на современа катна гаража на повеќе нивоа во централното градско подрачје, со капацитет од околу 500 паркинг-места. Гаражата ќе биде опремена со автоматизиран систем за наплата, видеонадзор и систем за контрола на сообраќајниот проток. Во рамките на објектот ќе има места резервирани за лица со попреченост, велосипедски паркинг, како и електрични полначи за автомобили. Објектот ќе биде изграден по принцип на енергетска ефикасност, со соларни панели за дел од потребната електрична енергија и зелен покрив за подобрување на микроклимата. Со реализацијата на овој проект ќе се намали хаосот во сообраќајот, ќе се овозможи уредено паркирање и ќе се зголеми безбедноста и функционалноста на центарот на градот.

**Влијание на проектот:**
Намалување на сообраќајниот метеж, уредено паркирање и модерен изглед на центарот на градот.

**Целна група:**
Возачи, жители на центарот, сопственици на деловни објекти и сите посетители на градот.

**Рок на реализација**
24–30 месеци

**Буџет**
8 милиони евра (општински буџет, јавно-приватно партнерство и можни донаторски фондови)

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Изградба на нов сообраќаен влез со надвозник во должина од 1 km



Проектот предвидува изградба на нов сообраќаен влез во градот со надвозник во должина од 1 километар, со цел да се олесни влезот и излезот од централното градско подрачје и да се намали сообраќајниот метеж во клучните булевари. Надвозникот ќе има две коловозни ленти во секоја насока, тротоари за пешаци и велосипедска патека. Објектот ќе биде опремен со современо осветлување, системи за мониторинг на сообраќајот и енергетски ефикасни решенија. Дополнително, ќе се интегрираат зелените површини и шумски појаси околу влезот, со што ќе се подобри естетиката и квалитетот на животната средина. Проектот ќе обезбеди побрз, побезбеден и поефикасен транспорт за граѓаните и посетителите на градот, а ќе овозможи и подобра поврзаност со индустриските и комерцијалните зони.

**Влијание на проектот:**
Намалување на метежот, побрз и безбеден влез во градот и подобра поврзаност со околните зони.

**Целна група:**
Сите граѓани, возачи, јавен и комерцијален транспорт, туристи и деловни субјекти.

**Рок на реализација**
36 месеци

**Буџет**
15 милиони евра (општински и државни средства, можни европски фондови и јавно-приватно партнерство)

## Реконструкција на 100 км водоводна разводна мрежа (Ф50–Ф250)



Проектот предвидува целосна реконструкција на водоводната разводна мрежа во градот, со вкупна должина од 100 километри, со цевки од дијаметар Ф50 до Ф250. Сегашната мрежа е делумно стара и често предизвикува дефекти и загуби на вода, што влијае врз квалитетот на водоснабдувањето и ги зголемува трошоците. Со реконструкцијата ќе се обезбеди стабилно и сигурно снабдување со вода за домаќинствата, јавните установи и комерцијалните корисници, ќе се намалат хавариите и загубите на вода, и ќе се подобри притисокот во мрежата. Проектот вклучува и модерни системи за мониторинг и контрола на водата, како и мерки за енергетска ефикасност при експлоатацијата. Реконструкцијата ќе овозможи долгогодишна сигурност во водоснабдувањето и подобрување на јавната хигиена и квалитетот на живот.

**Влијание на проектот:**
Сигурно водоснабдување, намалување на загубите и дефектите, подобрување на квалитетот на живот и јавната хигиена.

**Целна група:**
Сите граѓани, јавни установи, деловни субјекти и индустриски корисници.

**Рок на реализација**
48 месеци

**Буџет**
22 милиона евра (општински и државни средства, можни ЕУ-фондови и кредити од меѓународни финансиски институции)

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- **Урбана заедница бр. 1 МО 860, 861**

1. Тампонирање и асфалтирање на улицата „7 Септември" во должина од 50 метри и поврзување со улица „Мишо Арсов".
2. Осветлување на улицата „7 Септември"
3. Спојување на улицата „Мишо Арсов" со улица викана „Грдовјански" ,должина од 30 м
4. Да извршиме реконструкција на канализациската мрежа на улицата „Руен"
5. Редовно одржување на хигиената на улиците и редовно собирање на сметот
6. Обновување и реновирање на реквизитите во дворот на детската градинка
7. Покривање на каналот за наводнување на улицата „Ѓорги Пулевски", должина 400 м
8. Реконструкција на канализациската мрежа на улица „Искра" (околу 200 метри) и на улицата „Генерал Апостолски" во должина од 150 метри
9. Асфалтирање на улиците „Ѓорги Пулевски" (400 м), „Искра" (200 м), „Карпошово востание" (400 м)
10. Во соработка со МВР ќе овозможиме службени лица што секојдневно ќе патролираат во населбата. Поставување „лежечки полицајци" – забавувачи на брзината на возилата

- **Урбана заедница бр. 2  МО 857**

1. Облагородување и хортикултурно уредување (со зелени површини, клупи, детско игралиште) на поранешната депонија во Трајаново Трло, близу западната страна на поранешната касарна
2. Нова канализациска мрежа во месноста викана Колерски гробишта
3. Асфалтирање на делот од улицата „Поп Арсов Блаже" во должина од 400 метри
4. Проширување и тампонирање на делот од улицата „Поп Арсов Блаже" близу Антената
5. Нова канализација во месноста викана Диви градби, поправка и тампонирање на пат во тој дел од населбата

- **Урбана заедница бр. 3 МО 852, 854**

1. Реновирање и уредување на детското игралиште и обновување на детските реквизити во близина на комплексот „АСНОМ"
2. Ревитализирање на напуштените простории во комплексот „АСНОМ"  и нивно пренаменување и користење од групи и здруженија што се занимаваат со дејности во културата или повторно да ги дадеме на користење на Правниот факултет при УГД – Штип
3. Замена на азбестните водоводни цевки на улица „Гошо Викентиев"
4. Обновување на канализациската мрежа на улицата „Гошо Викентиев" поради дотраеност
5. Промена (поради дотраеност) на водоводните цевки на улицата „Тодосија Паунов"

6. Промена (поради дотраеност) на водоводните цевки на улицата „Пролетерски бригади"
7. Асфалтирање на улицата „Пролетерски бригади" (во должина од 350 метри)
8. Тротоари на улицата „Плачковица" (во должина од 270 метри)
9. Естетско уредување на плочникот пред Автобуската станица со декоративна натстрешница и дотерување на просторот што би инпонирал
10. Поврзување на крак од улицата кај преминот на Монополски бавчи со кружниот тек кај Автобуската станица

- **Урбана заедница бр. 7 МО 831, 832**

1. Да го средиме и одржуваме каналот покрај железничката пруга
2. Редовно да ја чистиме реката, да засадиме нови дрвца и дополнително да го осветлиме кејот покрај реката
3. Изградба на детски забавен парк пред ресторанот „Але-дар"
4. Рехабилитација на улиците во населбата кај Ветеринарната станица („Лазар Андонов")
5. Решение за вториот крак од улицата „Ленинова", која треба да биде споена со улицата „Димитар Влахов"

- **Урбана единица бр. 8 МО 834, 835, 836**

1. Изградба на тротоари во должина од 5 900 метри во населбата Драчевик
2. Рехабилитација на асфалтираните улици во населбата Драчевик
3. Изградба на зелено пазарче и уредување на просторот кај Панаѓурот за да може да се користи преку цела години, а не само неколку дена во годината
4. Тротоари на улицата „Скопска"
5. Навремено и редовно изнесување на сметот од контејнерите и грижа за чиста околина во близина на зградите кај Панаѓурот
6. Изградба на тротоари на улиците „Охридска", „Сремска", „Роза Петрова" , „1 Мај"
7. Санација на асфалтот на улиците „Охридска" и „Сремска" од интервенции на поправка на водоводната мрежа
8. Подобрување на уличното осветлување и на вертикалната сигнализација на улиците „Охридска", „Сремска", „Роза Петрова" , „1 Мај"
9. Поставување „лежечки полицајци" за регулирање и намалување на брзината на движење на возилата
10. Уредување и обележување на простор за паркирање и озеленување (засадување дрвца) на јавната површина пред објектот „Mania bags"
11. Обновување на дрворедите покрај тротоарите на „Скопска", „Роза Петрова", „Охридска"... на територијата на МЗ 8
12. Поставување канти за отпад за јавните површини на територијата на МЗ 8

13. Реконструкција/рехабилитација на крак од улицата „4 Македонска бригада“
14. Поставување информативна и сообраќајна сигнализација кон Пониква

## Урбана заедница бр. 10 МО 837, 839

1. Бетонирање на улицата „Страшо Ербапче“ и тоа со бр. 179, 181, 179/1, 183 каде што живеат 22 лица. Улицата е долга 27 метри и широка 5 метри (сокак)
2. Подобрување на комуналните услуги, редовно и навремено собирање на сметот
3. Поставување „лежечки полицајци“ на критичните делови од улицата „Страшо Ербапче“ над Општа болница – Кочани
4. Санирање на улицата „Димитар Влахов“ односно кракот од улицата „Илинденска“, која е целата ископана и со дупки, кои придонесуваат сообраќајот да биде многу небезбеден
5. Изградба на катна гаража или обезбедување друго сообраќајно решение со кое ќе се намали сообраќајниот хаос во центарот на градот

## Урбана заедница бр. 6 МО 847, 849

1. Изградба на сообраќаен мост кај Џамијата и поврзување на улиците од двете страни на Кочанска Река
2. Реновирање на улицата „Христијан Тодоровски-Карпош“, особено делот каде што е кривината којашто е многу тесна и возилата со тешкотии се качуваат нагоре
3. Изградба на потпорни ѕидови покрај улицата „Христијан Тодоровски-Карпош“
4. Рехабилитација на улиците „Коста Рацин“ и „Питу Гули“
5. Да изнајдеме начин преку разговор во кој ќе се обидеме го намалиме прегласното пеење од Џамијата
6. Отстранување на сите привремени објекти околу Џамијата и уредување на просторот за паркинг

## Месна заедница Грдовци

1. Асфалтирање на улицата „Плачковица“ во должина од 200 метри
2. Уредување на игралиштето за мал фудбал во ПУ „Никола Карев“
3. Уредување и целосно облагородување на паркот на улицата „Гишо Донев“ до Домот на културата во Грдовци

## Месна заедница Горни Подлог

1. Асфалтирање на улиците на подрачјето на месната заедница, во должина од 140 метри
2. Чистење на речното корито на Кочанска Река на потегот од стадионот до мостот на реката кај оранжериите
3. Чистење на одводните канали заради безбедност од поплави
4. Обновување и активирање на амбулантата во Горни Подлог
5. Воспоставување општински линиски превоз

## Месна заедница Долни Подлог

1. Асфалтирање на улицата „Ударничка“, во должина од 130 метри и широка 3 метри
2. Асфалтирање на улицата „Мишо Арсов“, во должина од 50 метри и широка 3 метри
3. Реконструкција на игралиштето за фудбал, каде што се одржува турнир во кој учествуваат екипи од соседните општини

4. Реконструкција на канализациската мрежа
5. Уредување на просторот во централниот дел на селото

- **Месна заедница Тркање**

1. Реконструкција на патот од бензинската „Еко оил" до селото, во должина од 700 метри
2. Поправка на канализациската мрежа во должина од 1000 метри, со дополнување на нови приклучоци
3. Изградба на детска градинка, бидејќи во селото за предучилишна возраст има околу 25 деца
4. Доасфалтирање на патот од училиштето до главниот пат, во должина од околу 300 метри
5. Чистење и редовно одржување на Трканска Река
6. Поправка, проширување и асфалтирање на патот што ја поврзува Антура со влезниот пат во Тркање
7. Изградба на излезен пат од фабриката Антура на девијацијата Подлог – Кочани

- **Месна заедница Мојанци**

1. Комплетирање и спојување на пешачката патека на потегот од железничкиот премин кај фабриката „Антура" до кружниот тек кај хотелот „Национал" во должина од 2 км, со што ќе имаме комплетна пешачка патека од Горни Подлог, Долни Подлог и Мојанци

- **Месна заедница Прибачево**

1. Обновување со нов асфалт на патот од Оризари до Прибачево, во должина од 320 метри
2. Асфалтирање/поплочување на улицата „Гоце Делчев", во должина од 130 метри
3. Изградба на детско или повеќенаменско игралиште во селото

- **Месна заедница Оризари**

1. Да формираме посебно одделение во рамките на КЈП „Водовод" задолжено само за Оризари со што би се подобриле услугите за жителите на Оризари
2. Комплетна изградба на ул. „Кеј на Револуцијата" во должина од околу 500 м со што ќе се овозможи поквалитетно поврзување на населбата со магистралниот пат
3. Поврзување на нас. Оризари со Кочани преку т.н. Пазарски пат
4. Асфалтирање на ул. „АСНОМ" во должина од околу 600 м
5. Изградба на ул. „Раде Кратовче" во должина од околу 400 м
6. Пробивање и оформување на ул. „Искра" (т.н. Кочански Дол)
7. Асфалтирање на крак од ул. „Христијан Карпош" во должина од околу 200 м
8. Комплетно довршување на водоводна и канализациска мрежа во реони каде што тоа сè уште не е решено

- **Урбана заедница Ромско Маало**

1. Пробивање на сите улици и поставување потпорни ѕидови
2. Асфалтирање на сите улици во Ромско Маало
3. Решавање на проблемот со водоснабдувањето
4. Уредување на детски катчиња за најмладите

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА